Република Северна Македонија
Министерство за информатичко општество и администрација

| Примено: 03.11.2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| 14-985/29 | | | |

# Записник од 34-та седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Online седница | | |
| **Датум** | 30.09.2021 година | **Време** | 11.00 – 12:30 часот |
| **Бр. на седница** | 34-та седница | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК | **Присутни:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК | |
| **Други присутни на состанокот** | Љубен Талев, Зоран Мурџев, Сашко Стојчев, Милан Николовски и Николче Мицкоски (независни експерти), Борис Арсов и Петар Тасев (АЕК) | | |
| **Логистичка поддршка** | Владимир Соколов, Мишко Талески, Ангел Симов и Владимир Радосављевиќ, Букурије Јашари Мемети (МИОА) | | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS
СКОПЈЕ - SHKUP
Примено: / E pranuar: 03-11-21
Орг. един. / Nj. org. | Број / Numër | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlera
14-985/29

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на предлог Записникот од седницата на НКБК одржана на 25.08.2021 година ;
2. Усвојување на четвртиот Извештај на НКБК за развој на бродбендот во државата (согласно DESI) и спроведување на НОБП ;
3. Разно.

;

**Тек на седницата**

Претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, ја отвори 34-та редовна online седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК), при што утврди дека се присутни пет членови на НКБК, со што телото може полноважно да одлучува.

**За првата точка од дневниот ред,**

Во рамките на првата точка, членовите на НКБК едногласно го усвоија записникот од 33-та седница, одржана на 25.08.2021 година, без забелешки.

**За втората точка од дневниот ред,**

Во рамките на втората точка, претседателот на телото, Буковалов, отвори дискусија по однос на четвртиот Извештај на НКБК за развој на бродбендот во државата (согласно DESI) и спроведување на НОБП.

Членот на НКБК, Славица Настеска, истакна дека Извештајот е организиран во неколку делови: Активности во врска со имплементацијата на НОБП, развој на бродбенд пазарот во државата преку споредба на DESI индикаторите од државите од ЕУ, а започнувајќи од овој извештај и следење на дигиталниот јаз во државата преку број на домаќинства во белите, сивите и црните зони. Во делот на активности за имплементација на НОБП, даден е извештај за активностите на Владата на РСМ и Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА), преку усвоени информации во чие изготвување или давање мислење има учествувано НКБК, извештај за одржаните седници на НКБК и извештај за учество на членови на НКБК во вебинари во организација на мрежата на европски BCO, како и активности на АЕК што произлегуваат од спроведувањето на НОБП. Во делот за споредба на состојбата на бродбенд пазарот во Македонија со европските држави преку DESI индикаторите, за прв пат со овој извештај е дадена состојбата за покриеноста со бродбенд мрежи во државата според класификацијата на населените места од Државен завод за статистика на рурални и урбани населени места, со што се направи хармонизација со извештаите за покриеност со бродбенд мрежи во европските држави. Во извештајот е даден детален преглед и анализа за состојбата во РСМ споредено со државите-членки

на ЕУ за сите индикатори во димензијата „Поврзливост": покриеност со бродбенд мрежи фиксни и мобилни, распространетост на бродбенд услуги според брзина и технологија, ценовен индекс, итн.

Членот на НКБК, Зоран Дервишов од своја страна истакна дека поделбата на рурални и урбани населени места се заснова на податоците добиени од Државниот Завод за статистика. Со тоа се усогласуваме со извештаите на ЕУ, а податоците ќе можат да се користат и во иднина.

Димитар Буковалов истакна дека од резултатите на пописот ќе зависи ажурирањето на податоците, табелите и графиконите во идниот извештај за развој на бродбендот во државата.

Надворешниот соработник Николче Мицкоски, имаше забелешки од терминолошки аспект, за кои потенцира дека можат да се применат и по усвојувањето на извештајот, бидејќи не влијаат на неговата содржина.

По завршувањето на дискусијата, претседателот на телото Буковалов го стави на гласање четвртиот Извештај на НКБК за развој на бродбендот во државата (согласно DESI) и спроведување на НОБП.

**Заклучок:** Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК) едногласно го усвои четвртиот Извештај на НКБК за развој на бродбендот во државата (согласно DESI) и спроведување на НОБП. Извештајот ќе биде поставен на веб страната на НКБК, а ќе биде доставен до министерот и заменик министерот за информатичко општество и администрација, како и до Агенцијата за електронски комуникации и ЈП Македонска радиодифузија.

**За третата точка од дневниот ред,**

Во рамките на точката „Разно" претседателот на телото Буковалов информира дека Владата на 108-та седница одржана на 28.09.2021 година, ја усвои Информацијата за обезбедување бесплатен WiFi на отворени јавни површини, во рамките на која ги прифати Препораките на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК). ЈП Македонска радиодифузија, како носител на реализацијата на проектот, во соработка со МИОА и други институции до крајот на годината треба да подготви и достави листа на локации за обезбедување бесплатен WiFi на отворени јавни површини за цела територија на државата, а до крајот на април 2022 година, се препорачува МРД да одржи јавни состаноци со заинтересирани оператори и единиците на локалната самоуправа за реализација на проектот. Исто така, до крајот на јуни 2022 година, МРД до Владата треба да ги достави предлозите од јавните состаноци со вклучените образложенија за бројот на точки, бројот на оператори, почетните карактеристики на точките, вкупниот годишен буџет, како и временската рамка за реализација. Потоа Владата ќе треба да даде согласност ЈП МРД да започне постапка на јавна набавка за

избор на еден или повеќе оператори и да склучи договор со нив.

Покрај ова, Буковалов потенцира дека Националната ИКТ стратегија ќе се преработи согласно доставените забелешки и се очекува нејзина нова преработена драфт верзија. Исто така, тој нагласи дека е во фаза изработката на Законот за безбедност на мрежи, со кој ќе биде регулиран статусот на новата Дигитална Агенција.

Записникот го водеше претседателот на НКБК

**Димитар Буковалов** ____________________